# НОВОГОДИШНО ОБРАЌАЊЕ НА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА ОПШТИНА СТРУМИЦА, ЗОРАН ЗАЕВ

Почитувани граѓани на Општина Струмица

Ова мое традиционално новогодишно обраќање го упатувам до сите Вас од град и од село, без разлика на Вашата верска, етничка, старосна, полова, социјална и политичка припадност, за да ви ги пренесам моите најискрени желби, претстојните празници да ве затекнат во добро расположение, семејна хармонија и силна верба за колективен просперитет на сите оние кои ја сочинуваат нашата заедница.

Полека но сигурно се збогуваме со годината која беше исполнета со бројни активности и настани кои во најголемиот дел беа насочени во интерес на нашата општина и интересот на сите нејзини граѓани. Поминува годината во која Општина Струмица успеа да искачи уште едно значајно скалило во својот развој, а граѓаните направија ново приближување кон идеалот за квалитет на живеење по нивна мерка.

Стремежот кон тој идеал останува и натаму наш заеднички предизвик и мора да сториме се, тој да биде реалност во секое наше катче каде што опстојуваме и ја планираме нашата идна живеачка. Фактот дека денес сите не се подеднакво среќни, зборува за нашата сурова реалност што ја диктира новото време, но тоа не значи дека мораме да се помириме со состојбите, кои најчесто не се по наша вина, а се такви какви што се. Напротив, мораме напорно да работиме, за да создадеме амбиент во кои вредностите ќе добијат на тежина, амбиент во кој вистинските критериуми ќе овозможат секој наш граѓанин да го најде своето заслужено место во оваа наше општество. Само на тој начин, ќе успееме да се надминеме себеси во креирањето на нашата иднина, во која ќе знаеме да правиме разлика меѓу доброто и лошото, меѓу вистината и лагата, меѓу правдата и неправдата, меѓу белото и црното. За

жал сведоци сме дека кај нас сеуште доминира диоптријата од позиција на “ние” и “тие” и на “наши” и “ваши”.

Што и кого треба да чекаме за да ни помогне за да ја одболедуваме оваа болест, која добива хронични размери. Кој ако не самите, може еднаш за секогаш да стави точка по оваа прашање. Редно е да научиме заедно да се радуваме на успесите и заедно да тагуваме за неуспесите. Да беше денес така, сите до еден ќе бевме согласни, дека зад нас е една успешна година за општината во која живееме. И покрај обидите да се успори нејзиниот развој, сепак резултатите зборуваат за евидентниот напредок. Реализирани се бројни проекти, изградени 5 водоводи, два булевара многу улици и тротоари, многу комунални и инфраструктурни зафати, вложено е во развојот на сите можни дејности и во градот и во сите населени места.

Продукт на таквиот ангажман се бројните награди и признанија што општината ги доби од релевантни домашни и странски институции, како вистинска валоризација за вложениот труд, знаење и љубов. И тоа не е само успех на Зоран Заев, неговиот тим и на советот. Тоа е и ваш успех, драги мои сограѓани. И тука не смееме да застанеме. Доброто може да биде уште подобро, убавото може да биде уште поубаво.

Затоа, наш заеднички предизвик е годината која доаѓа. Експертите велат дека таа ќе биде тешка година за сите. Но ако здружено побараме вистинско решение за проблемот, ќе знаеме успешно да се справиме со него. Згора на се, 2009 год. е и изборна година, во која ќе одлучиме за иднината на нашата општина. Ако сме умни, ќе нема победници и поразени, туку успешно ќе го положиме испитот што е пред нас. Епилогот од тој испит е мошне важен за да му покажеме на светот кои сме и што сме. И не е важно како ќе се вика идниот татко на градот и на чија опција му припаѓа. Но е многу важно тој да биде стручен, инвентивен, вреден, креативен и исполнителен и да знае успешно да ја менаџира општината и во услови на економска криза. Ако успееме да ги препознаеме сите тие квалитети во една

личност, тогаш нема зошто да стравуваме, во кој правец и со каква динамика ќе се движи општината. Оптимизмот е тој што секогаш мора да не води во животот. Со таков оптимизам ви ја честитам Новата година  и Божиќните празници и Ви посакувам добро здравје, среќа, успех и благосостојба во вашите домови.